20111763847

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 150 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2011) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 13.12.2011 година, донесе

УРЕДБА ЗА ПОВЛАСТЕНИ ТАРИФИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА (*)

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со ова уредба се пропишуваат специфичните услови што една електроцентрала треба да ги исполни за да може да се стекне со статус на повластен производител на електрична енергија, горната граница на инсталираната моќност на електроцентралата, повластените тарифи за електрична енергија и периодот на нивно користење.

Член 2

(2) Со примена на повластените тарифи се има за цел да се обезбеди:

1) поттикнување на инвестиции за оптимално искористување на расположивиот потенцијал на обновливите извори на енергија во Република Македонија и постигнување на целниот процент за учество на обновливите извори на енергија во вкупната потрошувачка, во согласност со Стратегијата за развој на енергетиката на Република Македонија и Стратегијата за обновливите извори на енергија на Република Македонија ,

2) услови за одржливо работење на повластените производители преку обезбедување на просечни годишни приходи неопходни за надоместување на инвестиционите и оперативните трошоци на електроцентралата и обезбедување на соодветен принос на капиталот и

3) услови за заштитата и унапредување на животата средина.

Член 3

(1) Електроцентралата запишана во Регистарот на постројки кои користат обновливи извори на енергија (во натамошниот текст: Регистар на електроцентрали) што се води при Агенцијата за енергетика на Република Македонија се стекнува со статус на повластен производител на електрична енергија (во натамошниот текст: повластен производител) доколку ги исполнува следниве специфични услови:

1) произведува електрична енергија од следниве обновливи извори на енергија:

- хидроенергија,
- ветерна енергија,
- сончева енергија преку фотонапонски келии,
- биомаса (биоразградувачкиот дел од продукти, отпад и остатоци од земјоделски субстанции од растително и животинско потекло, шумски отпад и од други индустрии, индустриски производи добиени од биомаса наменети за согорување, биоразградувачкиот дел на индустриските и комуналните отпади, биомаса од насади наменети за енергетски потреби), со исклучок на огревно дрво и

(*)Со оваа уредба се врши усогласување со Директивата 2009/28/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 23 април 2009 година за промоција на користење енергија од обновливи извори и со која се изменуваат и дополнуваат и последователно се укинуваат директивите 2001/77/ЕС и 2003/30/ЕС (Службен Весник на Европска Унија L 140/16), CELEX број 32009L0028

- биогас добиен од биомаса (во натамошниот текст: биогас).

2) инсталираната моќност на електроцентралата не ја надминува инсталираната моќност пропишна во оваа уредба, за секој вид електроцентрала одделно,

3) опремата и објектите за производство на електрична енергија и за поврзување со преносниот или дистрибутивниот систем претставуваат функционална целина и електроцентралата има приклучок на соодветниот систем со независно мерно место и истите се исклучиво наменети за електроцентралата и во електроцентралата се користи само еден облик на обновливи извори на енергија,

4) збирот на инсталираната моќност на електроцентралата и вкупната инсталираната моќност на електроцентралите од ист вид што до тој момент се заведени во Регистерот на повластени производители што го води Регулаторната комисија за енергетика да не ја надминува вкупната инсталирана моќност на повластени производители од тој вид, предвидени со Одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија произведена од секој одделен обновлив извор на енергија, и

5) е пуштена во употреба после 18 февруари 2011 година.

(1) Инсталирана моќност на електроцентралата претставува збир на номиналните активни моќности на сите генераторски единици (електрични генератори или соларни фотонапапонски панели) инсталирани во електроцентралата.

(2) По исклучок на ставот (1) точка 3) од овој член ако во една електроцентрала се предвидува производство на електрична енергија од различни облици на обновливи извори на енергија:

1) опремата и објектите за производство на електрична енергија од секој одделен облик на обновлива енергија ќе се третираат како одделни повластените производители,

2) одделните повластени производители во електроцентралата можат да имаат заеднички приклучок кон соодветниот систем, но се должни да обезбедат посебни мерења на испорачаната електрична енергија во преносниот или дистрибутивниот систем.

(3) Електроцентрала што била пуштена во употреба пред 18 февруари 2011 година може да се стекне со статус на повластен производител ако истата е реконструирана после тој датум и ако во реконструкцијата на електроцентралата, според проценка од овластен проценител, се вложени средства во износ од повеќе од 70% од проценетата вредност на инвестицијата потребна за изградба на нова електро¬централа на истата локација и со технички параметри како и реконстуираната електроцентрала.

(4) Доколку во рамките на една електроцентрала постојат генераторски единици за производство на електрична енергија и што можат да се користат како помошно или резервно напојување, овие генераторски единици не смеат да се користат за производство на електрична енергија што ќе се испорачува во електроенергетскиот систем.

(5) По исклучок на ставот (1) точка 1) од овој член термоелектроцентралите на биомаса или биогас можат да користат и фосилни горива во процесот на производство на електрична енергија, при што учеството на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива во една календарска година е помало или еднакво од највисокиот дозволен процент утврден со оваа уредба, за секој вид термоелектроцентрала одделно.

(6) На електроцентрала ќе и престане статусот на повластен производител ако:

1) со зголемување на инсталираната моќност ја надмине највисоката инсталирана моќност пропишана со оваа уредба, или

2) користи фосилно гориво над највисокиот дозволен процент, или

3) користи огревно дрво, или

4) се користени помошни генераторски единици и произведената електрична енергија ја испорачувал во електроенергетскиот систем, или

5) не е пријавено постоење на помошни генераторски единици, а нивното постоење е утврдено со надзорот од членот 6 на оваа уредба.

Член 4

(1) Повластените тарифи за електрична енергија претставуваат регулирани цени за откуп на електричната енергија произведена од повластените производители на електрична енергија во Република Македонија од страна на операторот на пазарот на електрична енергија.

(2) Повластените тарифи се утврдуваат во евроценти за киловатчас електрична енергија предадена во електроенергетскиот систем и во нив не е вклучен данокот на додадена вредност.

(3) Повластениот производител, врз основа на мерењата од страна на операторот на енергетскиот систем на кој е приклучена електроцентралата, доставува фактура за испорачаната електрична енергија за календарски месец до операторот на пазарот на електрична енергија и износот за плаќање го изразува во денари според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на последниот работен ден во календарскиот месец за кој се однесува фактурата.

(4) Повластениот производител има право да ги користи повластените тарифи во период утврден во оваа уредба за секој вид електроцентрала одделно. Периодот на користење на повластената тарифа започнува со денот на влегување во сила на одлуката за користење на повластената тарифа од страна на повластениот производител, издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

(5) Ако електроцентралата користи фосилни горива за производство на електрична енергија, повластената тарифа се намалува, а намалената повластена тарифа се пресметува на начин утврден согласно членовите 10 и 11 на оваа уредба.

(6) Периодот за кој ќе се применуваат намалените повластени тарифи од ставот (5) на овој член ќе биде еднаков на периодот во кој се користени фосилни горива.

Член 5

(1) Заради пресметка на намалената повластена тарифа за електроцентралите за коишто е дозволено користење на фосилни горива од членот 4 на оваа уредба, односно заради утврдување исполнување на условите за стекнување на статус на повластен производител од членот 3 на оваа уредба, од страна на повластените производители до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката (во натамошниот текст: Министерство) се доставуваат следниве податоци:

1) техничките параметри на електроцентралата,

2) испорачаната електрична енергија во електроенергетскиот систем,

3) за електроцентралите што користат горива во процесот на производство на електрична енергија количините на потрошените горива за производство на електрична енергија, специфичната енергетска вредност на горивата и изворот на набавка, за секој вид гориво одделно и

4) изјава за веродостојност на податоците.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член се доставуваат најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната календарска година.

(3) Насоките и инструкциите за доставување на податоците од ставот (1) на овој член Министерството ги објавува на својата веб страница.

(4) Повластениот производител ги известува Министерството и Агенцијата за енергетика на Република Македонија за сите промени на техничките параметри и карактеристики на електроцентралата најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.

Член 6

(1) Ако врз основа на доставените податоци од членот 5 на оваа уредба Министерството утврдило потреба од надзор за работењето на повластениот производител, согласно членот 170 од Законот за енергетика, Државниот инспекторат за техничка инспекција (во натамошниот текст: Инспекторат) најдоцна во рок од 15 дена од завршувањето на надзорот, доставува до Министерството извештај за извршениот надзор.

(2) Ако со надзорот од ставот (1) на овој член се утврдило дека се исполнети условите од член 3 став (7) на оваа уредба, од страна на Министерството се известува Регулаторната комисија за енергетика дека повластениот производител ги исполнува условите за престанок на статусот на повластен производител пропишани со оваа уредба и во прилог кон известувањето се доставува извешајот за извршениот надзор и податоците од членот 5 на оваа уредба доставени од повластениот производител.

(3) Ако со надзорот од ставот (1) на овој член и/или врз основа на податоците од член 5 на оваа уредба се утврди дека повластениот производител со користење на фосилни горива ги исполнил условите за намалување на повластената тарифа согласно членовите 10 и 11 на оваа уредба, од страна на Министерството се известува Регулаторната комисија за енергетика при што кон известувањето се доставува и извештајот од став (1) на овој член, податоците од членот 5 на оваа уредба како и пресметка на намалената повластена тарифа, изготвена во согласност со член 10 став (6) и член 11 став (6) на оваа уредба.

(4) Ако врз основа на известувањето од членот 5 став (4) или врз основа на извештајот од ставот (1) на овој член се утврдило дека повластениот производител ја зголемил инсталираната моќност на електроцентралата и со тоа се создале услови за промена на повластената тарифа или постои можност со зголемувањето на инсталираната моќност да биде надмината вкупната инсталирана моќност на повластени производители од тој вид, утврдени со Одлука за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија произведена од секој одделен обновлив извор на енергија, од страна на Министерството се известува Регулаторната комисија за енергетика за настанатите измени во електроцентралата и кон известувањето се приложува соодветна документација.

II ХИДРОЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ

Член 7

(1) Хидроелектроцентрала може да се стекне со статус на повластен производител ако инсталираната моќност на централата е помала или еднаква на 10 MW.

(2) Надоместокот за електричната енергија произведена и испорачана од хидроелектроцентралите од ставот (1) на овој член во текот на еден календарски месец, се пресметува врз основа на повластените тарифи за одделните блокови, според следната табела:

Блок	Количина на испорачана електрична енергија по блокови (kWh)	Повластена тарифа за испорачаната електрична енергија по блокови (€¢/kWh)
I	≤ 85.000	12,00
II	> 85.000 и ≤ 170.000	8,00
III	> 170.000 и ≤ 350.000	6,00
IV	> 350.000 и ≤ 700.000	5,00
V	> 700.000	4,50

(3) Повластениот производител има право да ги користи повластените тарифи за електрична енергија произведена од хидроелектроцентрали во период од 20 години.

III ВЕТЕРНИ ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ

Член 8

(1) Ветерна електроцентрала може да се стекне со статус на повластен производител ако нејзината инсталирана моќност е помала или еднаква на 50 MW.

(2) Повластената тарифа за електричната енергија произведена и испорачана од ветерни електроцентрали изнесува 8,9 €¢/kWh.

(3) Повластениот производител има право да ги користи повластените тарифи за електрична енергија произведена од ветерни електроцентрали во период од 20 години.

IV ФОТОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ

Член 9

(1) Фотонапонска електроцентрала може да се стекне со статус на повластен производител ако инсталираната моќност на електроцентралата е помала или еднаква на 1 MW.

(2) Повластените тарифи за електричната енергија произведена и испорачана од фотонапонски електроцентрали, во зависност од инсталираната моќност на електроцентралата, се:

Инсталирана моќност на електроцентралата	Повластена тарифа (€¢/kWh)
≤ 0,050 MW	30
> 0,050 MW	26

(3) Повластениот производител има право да ги користи повластените тарифи за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали во период од 15 години.

V ТЕРМОЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ НА БИОМАСА

Член 10

(1) Термоелектроцентрала што користи биомаса како погонско гориво може да се стекне со статус на повластен производител ако нејзината инсталирана електрична моќност е помала или еднаква на 3 MW.

(2) Повластениот производител има право да ги користи повластените тарифи за електрична енергија произведена од термоелектроцентрали што користат биомаса како погонско гориво во период од 15 години.

(3) Највисокиот процент на учество на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива изнесува 30%.

(4) Повластените тарифи за електрична енергија произведена и испорачана од термоелектроцентрали што користат биомаса зависат од инсталираната моќност на електроцентралата и учеството на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива.

(5) Ако процентуалното учество на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива е помало или еднакво на 15%, повластените тарифи за електричната енергија произведена и испорачана од термоелектроцентрали што користат биомаса се:

Инсталирана моќност на електроцентралата	Повластена тарифа (€¢/kWh)
≤ 1 MW	11
> 1 MW	9

(6) Ако процентуланото учеството на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива е поголемо од 15%, а помало или еднакво на 30%, намалените повластени тарифи се пресметуваат според следната формула:

$$PT = PT0 \times (1{,}15 - p \times 0{,}01) \times 0{,}01$$

каде што:

− PT е намалената повластена тарифа,

− PT_o е тарифата од ставот (5) на овој член, во зависност од инсталираната моќност на електроцентралата,

− p е означен процентот на учество на фосилните горива, утврден од страна Министерството.

VI ТЕРМОЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ НА БИОГАС

Член 11

(1) Термоелектроцентрала што како погонско гориво користи биогас може да се стекне со статус на повластен производител ако нејзината инсталирана електрична моќност е помала или еднаква на 2 MW.

(2) Повластениот производител има право да ги користи повластените тарифи за електрична енергија произведена од термоелектроцентрали што користат како погонско гориво биогас во период од 15 години.

(3) Највисокиот процент на учество на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива изнесува 20%.

(4) Повластените тарифи за електрична енергија произведена и испорачана од термоелектроцентрали што користат биогас зависат од инсталираната моќност на електроцентралата и учеството на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива.

(5) Ако процентуалното учество на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива е помало или еднакво на 10%, повластените тарифи за електричната енергија произведена и испорачана од термоелектроцентрали што користат биогас се:

Инсталирана моќност на електроцентралата	Повластена тарифа (€¢/kWh)
≤ 0,5 MW	15
> 0,5 MW	13

(6) Ако учеството на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива е поголемо од 10%, а помало или еднакво на 20%, намалените повластени тарифи се пресметуваат според следната формула:

$$PT = PT_o \times (1{,}10 - p \times 0{,}01) \times 0{,}01$$

каде што:

− PT е намалената повластена тарифа,

− PT_o е тарифата од ставот (5) на овој член, во зависност од инсталираната моќност на електроцентралата,

− p е означен процентот на учество на фосилните горива, утврден од страна Министерството.

VII ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 12

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 51-4326/1
13 декември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.